**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-3817/1 од 06.11.2020 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Четириесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **13.11.2020 година (петок) со почеток во 12 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, бр.08-3711/1 од 29.10.2020 година;
2. Предлог - Заклучок за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година;
3. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2020 година;
4. Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација;
5. Предлог - Одлука за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2020/2021 година;
6. Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за изработка на проектна документација, за реконструкција на улица "Перо Наков" од раскрсница со улица ''Маџари'' до улица "Индустриска 2";

7. Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година;
8. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за за изградба на топловодни инсталации во населените места Триангла и Хиподром;
9. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци;
10. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година;
11. Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2020 година;
12. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година;
13. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година; и
14. Предлог - Одлука за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје за 2020 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**